РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-480/1
27-01-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот заведен под број 09-1430/1 од 02.05.2025 година против службеното лице -------, В.Д. директор на Јавна Општинска установа – --------- – Чаир, Скопје, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 02.05.2025 година, поднесена е пријава, по што е оформен предмет со бр. 09-1430/1, против лицето -----, В.Д. директор на Јавна Општинска установа – ------ – Чаир со наводи дека горенаведеното лице користејќи ја функцијата В.Д директор во Јавната установа основало и управувало со нерегистрирана приватна детска градинка друштво за едукација и услуги -------- ДООЕЛ Скопје каде што пренасочувало јавна опрема и средства. Исто така, во пријавата е наведено дека горенаведеното лице нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија, како резултат на ова го немало пријавено учеството врз управување со приватна градинка и имало остварено потенцијална имотна корист.

Постапувајќи по поднесената пријава и заради целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија направи увид во тековната состојба на Друштвото за едукација и услуги -------- ДООЕЛ Скопје од Централниот регистар на РСМ и утврди дека службеното лице ---------, В.Д. директор на Јавна Општинска установа – ------------ – Чаир не е сопственик нити управител на Друштвото за едукација и услуги --------- ДООЕЛ Скопје, по што констатира дека наводите од пријавата кои се однесуваат на оваа состојба не се потврдуваат.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија на колегиум одржан на 14.08.2025 година со службена белешка оформи предмет во Одделението за следење на имотна состојба и интереси по однос на наводите од пријавата кои се однесуваат на непријавување на имотна состојба на директорот на --------- – Чаир Скопје, -------.

Имајќи го предвид горе наведеното , ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: З.Б. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk